**LEARNINGOUTCOMES**

Learning outcomes in adult education

# Модул 2

## Потkаст 3

## Што претставува процесот на валидација?




Ко-финансирано од Европска Унија

EVACO
Kompleksowe Wyposażanie Obiektów Gastronomicznych Szkolenia Kwalifikacyjne i Zawodowe

IMPULSI
EST 2000

# “Што претставува процесот на валидација?”

Дали некогаш сте се запрашале зошто одредени наставни методи се поефикасни од отанатите? Ова се должи на процесот наречен валидација. Валидацијата претставува процес каде се утврдува дали одредени наставни методи функционираат како што треба, односно, дали учесниците воопшто учат и се развиваат. Процесот на валидација помага да се избегнат грешките и служи како потврда дека користените методи се ефикасни и сигурни за студентите. Овој процес вклучува неколку чекори: од планирање на обуките па сѐ до проценка на успехот на учесниците, сѐ со цел да се утврди дека наставните методи се навистина ефикасни и корисни за развојот на учесниците. Благодарение на процесот на валидација во образованието, се обезбедува високо квалитетно образование кое дава подобри резултати.

Валидацијата, како важна процедура за потврда на исправноста и прикладноста на информациите, претставува неизбежен елемент во многу разни научни полиња и стручна пракса. На пример, валидацијата игра важна улога во медицината, психологијата и софтверскиот инжињеринг, со оглед на тоа што дава прецизни и веродостојни резултати и финален производ. Иако опширна, теоријата на валидација првенствено се фокусира врз развојот и апликацијата на методологиите, потврдувајќи ја исправноста и ефикасноста на податоците, алатките и процедурите.

Кога говориме за процесот на валидација, од огромна важност е да се објасни што всушност прави самата валидација и како функционира целокупниот процес. Валидацијата дава потврда за стекнатите вештини, знаења и компетенции, независно од образовниот метод. Претставува процес на проценка кој им дозволува на поединците да ги документираат сопствените достигнувања во учењето и дава можност за професионален, образовен и личен развој. Процесот на валидација им дава можност на поединците да ги покажат сопствените вештини, што е особено важно како за оние кои имаат активен професионален живот и сакаат да се

подобрат од било кој аспект, така и за оние кои после одредена пауза повторно се враќаат на пазарот на трудот или се во потрага по нови работни можности.

Во Полска, процесот на валидација е законски регулиран и е дел од интегрираниот систем за квалификации, како особено важен процес кој обезбедува квалитет, ги наградува квалификациите и дава признание за резултатите од уењето надвор од формалниот образовен систем.

Законот воведува една рамка преку која е возможно да се соберат и споредат достигнувањата во образованието. Исто така, ги воведува концептите на валидација и сертификација кои ги потврдуваат стекнатите квалификации. Процесот на валидација понатаму служи како проверка дали личноста која аплицира за квалификација ги достигнала потребните резултати од учењето, независно од методот за стекнување на знаење. Овој процес ги признава ефектите од неформалното образование.

Процесот на сертификација, од друга страна, значи добивање на документ со кој се потврдува и наградува одредена квалификација доколку резултатите од валидацијата се позитивни. Надлежниот министер овластува институции кои ќе бидат задолжени за сертификација на квалитетите и валидација на процесот на сертификација. Овие регулативи овозможуваат еден кохерентен и веродостоен систем на признавање на квалификациите, образованието и професионалниот развој во разни области од животот.

Кога станува збор за гаранција на кредибилитетот на комплетниот процес на валидација, од огромна важност е институциите задолжени за одобрување на квалификациите да исполнат јасно определени барања. Овие организациски и кадровски критериуми имаат за цел да обезбедат сигурност и споредливост на резултатите од валидацијата. Условите за валидација ги дефинираат критериумите кои мора да бидат исполнети од страна на телото кое сака да добие право на заверка на квалификациите. Тие ги опишуваат резултатите од учењето кои се потребни за добивање на одредена квалификација и критериумите за нивна верификација.

Ко-финансирано од Европска Унија
EVACO Kompleksowe Wyposażanie Obiektów Gastronomicznych Szkolenia Kwalifikacyjne i Zawodowe
IMPULSI EST 2000

Институциите задолжени за сертификација мора да подготват план за валидација согласно овие барања, чија цел е да осигури веродостојност и споредливост на резултатите од валидацијата, зависно од нивото на комплексност на квалификациите. Може да се однесуваат на методи, персонал, организација и материјали потребни за валидација, а во одредени случаи може да бидат дополнети со насоки за телата кои вршат валидација. Овие услови може да бидат особено корисни во случај на проблеми или при жалба од резултатот на валидацијата, како и условите за повторна валидација. Тие треба да бидат изградени така што ќе ја гарантираат веродостојноста на резултатот од валидацијата со елиминација на непотребните елементи.

Процесот на валидација се состои од четири главни фази и претставува клучна алатка за потврда и проверка на постигнатите резултати од учењето.

Првата фаза, односно идентификацијата, бара длабока анализа на вештините и знаењето со кои се здобил кандидатот за време на образовниот процес. Оваа фаза служи за проценка на кометентноста и идентификација на можни празнини кои е потребно да се надополнат. Следната фаза е фаза на документација, каде се собираат докази како на пример сертификати, уверенија или работно искуство, кои служат како потврда за стекнатото знаење и вештини. Ова е многу важна фаза за процесот на валидација, со оглед на тоа што претставува објективна основа за проценка на достигнувањата на кандидатот.

По собирањето на потребната документација, започнува процесот на верификација каде се проверува дали кандидатот навистина ги достигнал потребните резултати од учењето. Ова е фазата во која се употребуваат разни методи на проверка, со цел да се потврди автентичноста на компетентноста.

Финалната фаза, односно фазата на сертифкација, претставува потврда на позитивните резултати од верификацијата преку издавање на документ кој претставува официјална потврда за достигнувањата на одредени образовни резултати.

Овие четири фази, меѓусебно доста поврзани, ги гарантираат веродостојноста, објективноста и кредибилитетот на процесот на валидација, кој е од основно значење за потврда и признание на образовните и професионалните достигнувања на кандидатите.

Како заклучок може да се каже дека валидацијата претставува клучен процес за потврда на коректноста и адекватноста на податоците, како и признание на компетентноста на поединците. Во областите како образованието или професионалниот развој, таа игра витална улога во обезбедувањето на веродостојноста и доверливоста на резултатите од истражувањето и финалниот резултат. Се состои од неколку етапи, кои вклучуваат: идентификација, документација, верификација и сертифицирање на достигнувањата. Исто така, важно е да се регулира процесот на валидација во квалификациските системи, што овозможува признавање на резултатите од доживотното учење. Преку поддршката на развојот како на поединците така и на образовните системи, валидацијата станува интегрален елемент за потврда на компетентноста и вештините, подобрувајќи го на тој начин целокупниот образовен и професионален процес.

**Извори:**


- https://kwalifikacje.gov.pl/download/Publikacje/Walidacja_nowe_mozliwosci_zdobywania_kwalifikacji_z_wkladka.pdf
- https://szansa-power.frse.org.pl/walidacja/
- https://brjk.amu.edu.pl/__data/assets/pdf_file/0007/129157/narzedzia_KRK.pdf
- https://kwalifikacje.edu.pl/wp-content/uploads/publikacje/PDF/Walidacja.pdf




Ко-финансирано од Европска Унија

EVACO
Kompleksowe Wyposażanie Obiektów Gastronomicznych Szkolenia Kwalifikacyjne i Zawodowe

IMPULSI
EST 2000

Финансиран од Европската Унија. Сепак, искажаните ставови и мислења се само на авторот(ите) и не мора да ги одразуваат ставовите на Европската унија или Европската извршна агенција за образование и култура (EACEA). Ниту Европската Унија, ниту EACEA не можат да бидат одговорни за нив.

Сите резултати развиени како дел од проектот „LEARNING OUTCOMES in Adult Education” се достапни под отворени лиценци (CC BY-SA 4.0 DEED). Тие можат да се користат бесплатно и без ограничувања. Забрането е копирање или обработка на овие материјали во целост или делумно без согласност на авторот. Доколку се користат резултатите, неопходно е да се наведат изворот на финансирање и неговите автори.

Ко-финансирано од Европска Унија
EVACO
Kompleksowe Wyposażanie Obiektów Gastronomicznych Szkolenia Kwalifikacyjne i Zawodowe
IMPULSI EST 2000